Планирани активности за период од 11-15 Мај 2020 год.

## ЕТИКА ВО РЕЛИГИИТЕ

## НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ЧУВАЈ ГО ДАРОТ НА ЖИВОТОТ И ЖИВОТОТ НА ДРУГИТЕ

**Да се прочита и научи наставната содржина од учебникот на 105-106 стр.**

Следните три наставни единици веќе се разработувани во прво полугодие кога се обработуваа Десетте Божји заповеди. Сегашното навраќање е можност да се разгледаат моралните пораки на Десетте Божји заповеди како универзални пораки до цивилизираното човештво, бидејќи самите Божји заповеди денес се и правни начела на современиот и цивилизиран човек.

**Животот на секој човек е многу важен, единствен и неповторлив и затоа треба да ги прифатиме етичките правила за добро однесување. Сите ние се раѓаме и живееме живот кој ни е дарував од Бог и е плод на љубовта, желбата и намерата на нашите родители, кои посакале да имаат свое потомство!**

Бог не учи дека треба да се сакаме и почитуваме меѓу себе, а не да чувствуваме омраза едни кон други.

Затоа Бог, за да ни покаже колку многу е вреден животот на човекот ја дава шестата Божја заповед која гласи **„Не убивај!“**

Со оваа Божја заповед се забранува убиството и самоубиството.

- Светото писмо не учи дека животот на човекот е свет и дека тоа е најголемиот дар од Бога.
- Животот на секој човек е многу важен и има сила да го промени општеството и светот.
- Шестата Божја заповед има заповедна форма и гласи: **„Не убивај“!,** со тоа Бог ни покажува колку е голема вредноста на човековиот живот и како треба да се однесуваме кон секој човек.

- Шестата Божја заповед бара од нас да го чуваме нашиот живот и животот на другите.
- Неморално и нечовечки е да се измачуваат и безмилосно да се убиваат невините и недолжните луѓе!
- Грижата за нашето здравје е од голема важност. Затоа треба да се чуваме подалеку од пороците кои го загрозуваат нашето здравје!
- Исто така треба да се грижиме за животот на другите.
- Кон луѓето кои се сиромашни и беспомошни да сме дарежливи.
- Доколку некој наш ближен се наоѓа во болница, дом или слично, пожелно би било да го посетуваме и да се грижиме за него.

Човекот ја прекршува Божјата заповед и во следните случаеви:

- Кога придонесува да се случи убиство, како и кога им помага или ги прикрива оние кои убиваат.
- Секој оној кој им наредува на други луѓе да убиваат, ги прикрива за направеното убиство и ги поттикнува да вршат нови убиства.
- Секој оној кој ги поттикнува другите да извршат самоубиство
- Секој оној кој со тешка работа и сурова казна му наштетува на човекот и со тоа ја предизвикува неговата смрт и сл.

# НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ХРИСТИЈАНСКО ВРЕДНУВАЊЕ НА РАБОТАТА

**Да се прочита и научи наставната содржина од учебникот на 107-109 стр.**

„Помни го денот за почивка, за да го празнуваш; шест дена работи заврши ги во нив сите работи, а седмиот ден е почивка на Господа, твојот Бог“

**Четврта Божја заповед**

**Бог го благословил трудот – работата!**

- Трудољубивост е љубов кон трудот, кон работата.
- Преку самиот поим трудољубивост, ни се објаснува колку е важно да го постигнеме успехот со голема желба, како и трпеливо и исцрпно да бидеме посветени кон она што навистина сакаме да го постигнеме.
- Бог го поставил човекот да работи и господари (онака како што Господ Бог се грижи- дарува) на целата земја.
- Трудољубивоста е човечка особина која го издвојува човекот од останатиот жив свет на земјата.
- Благодарение на трудот човекот создаде и достигна високи цели во сите сфери на живеењето.
- Трудот како детска особина ви овозможува да достигнете високи познавања од областа на образованието, на моралот и етиката.

- Кога го читаме Светото писмо на Новиот завет гледаме дека и Господ Исус Христос и неговите ученици - апостоли биле трудољубиви и даваат пример за трудољубивост.
- Спротивно на трудољубивоста е МРЗЛИВОСТА
- Плодовите на мрзливоста се:
    - беда и сиромаштија
    - необразованост
    - болест

- осиромашување на духот
- изчезнување на добродетелите
- слабеење во верата
- гаснење на љубовта во себе.

Кон сите свои обврски и задолженија однесувај се сериозно и со голема одговорност, бидејќи работата го краси човекот.

Еврејскиот народ во Стариот завет ја празнувал саботата како Господов ден. По Христовото воскресение, кое се случило во првиот ден во седмицата - Недела и кое е најголем настан за Христијаните, Неделата станува ден кога Христијаните се собираат на заедничка молитва (Литургија) за да се причестат.

Недела е ден кога треба да се ослободиме од секојдневните грижи и да ја посветиме на нашето духовно усовршување, да мислиме повеќе на Бог и на блиските, да ги посетиме нашите блиски а ако се болни да се погрижиме, да им помагаме на постарите доколку им треба помош и да правиме добри дела.

Размислување за дома:

ВО ШТО Е ТАЈНАТА НА ГОЛЕМИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ?

Постојат различни размислувања во врска со прашањето дали човекот се раѓа како гениј или тоа го постигнува со многу труд и работа, односно дали генијалноста се создава. Мислењата по ова прашање се поделени. Но факт е дека сите ние се раѓаме со одреден потенцијал. Дарба - талент која треба да ја пронајдеме во нас самите. Големите достигнувања се резултат на напорна и упорна работа во текот на целиот живот. Да пристапиме со љубов, пожртвуваност, работа, истрајност, па успехот сам по себе следи како награда.

Дали дарбата – талентот или потенцијалот што го поседува личноста ќе се развијат зависи од многу фактори. Од условите во кои што живее, начинот на кој се развива и воспитува. Големо влијание имаат и посветеноста и грижата на родителите, подршката од средината во која што живее, посветеноста, упорноста и истрајноста.

„Човекот е роден да работи, да трпи и да се бори, кој не живее така ќе пропадне " ,Никола Тесла.

**Размислување на Никоола Тесла:** Наградите се секогаш во сразмер со работата и жртвите. Подарокот на менталната моќ доаѓа од Бога и ако ние ги сконцентрираме нашите мисли на вистината тогаш стануваме хармонични со оваа голема моќ.

Она што го правиме ние самите, секој ден во секој момент, тоа сме НИЕ. Доаѓа од нашата внатрешна сила од нашиот дух. Но нашиот дух често страда од отрови па потребно е одвреме навреме да го прочистуваме духот од таквите отрови. Ако научиме да управуваме со соништата, чувствата и визиите и кон работата се вложиме целосно со целиот свој ентузијазам, ако истата таа работа е храна за мозокот и за душата тогаш сме на вистинскиот пат кон успехот и големите достигнувања. И најважна е упорноста и истрајноста. Работите што се започнати треба доследно да се завршат до крај.

**За дома:** Сите вие иако сте иста генерација, одите во исто училиште, имате исти предмети, наставни содржини и исти наставници, но не сите подеднакво ги совладувате наставните содржини. Слични се и социјалните и општествените околност во кои живеете. Различни ви се талентите и во зависност од тоа дали упорно работите и ги развивате вашите таленти се и вашите постигнувањата.

Овие два месеци сте во вашите домови не по ваш избор. Не одите на училиште, но сте ограничени и во реализирање на вашите претходни воннаставни активности каде сте се реализирале и надградувале. Ваквата состојба може и креативно да се искористи за да може да се посветите на она што ве интересирало, но сте го запоставувале заради секојдневните обврски.

**Бидете трудољубиви, изразете ја вашата креативност и обидете се да напишете, изработите, создадете по ваш избор, опишете како го поминувате времето во самоизолација, нешто во кое сметате дека сте најдобри, доаѓа до израз вашиот талент и сработеното испратете го до 15Мај (Петок) на email milenkovpetar@gmail.com.**